Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЉУБЕН ЛАПЕ“
Општина Аеродром

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 02-347/3
26.04 20 22 год.
Аеродром-Скопје

Врз основа на член 61 став (6) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), директорот на Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Комисија за запишување на деца кои не се вклучени во настава, а се со надминатата возрасната граница, во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Со ова решение се формира Комисија за запишување на деца кои не се вклучени во настава, а се со надминатата возрасната граница, во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2022/2023 година (во натамошниот текст: Комисијата), во состав:

1. Снежана Мирчевска, педагог – претседател на Комисијата;
   Тара Кораќ, психолог – заменик на претседател на Комисијата;

2. Јасмина Стефанова, одделенски наставник – член;
   Ивана Стојанчова, дефектолог – заменик на член;

3. Јулијана Вељовска, одделенски наставник – член и
   Елена Чорлевска, одделенски наставник – заменик на член.

**Член 2**

Мандатот на членовите и замениците на членовите на Комисијата од член 1 на ова решение е за време на периодот за запишување на ученици во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2022/2023 година, но најмногу до една година.

**Член 3**

Комисијата е должна запишувањето на деца кои не се вклучени во настава, а се со надминатата возрасната граница да го изврши согласно начинот утврден во Правилникот за начинот на запишувањето на деца кои не се вклучени во настава, а се со надминатата возрасната граница, донесен од министерот за образование и наука, под бр. 12-15044/2 од 24.12.2020 година.

**Член 4**

Комисијата, најдоцна пет дена по завршување на запишувањето на деца кои не се вклучени во настава, а се со надминатата возрасната граница, до директорот на училиштето, доставува детален писмен извештај со податоци од поднесените пријави и запишаните ученици, по кој извештај училиштето најдоцна до 15 јуни истакнува список на запишани ученици со надмината возрасна граница на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

**Член 5**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.


Општинско основно училиште
„Љубен Лапе“
Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
+389 2 2452 091
www.oouljubenlape.edu.mk
ljuben_lape@yahoo.com

Scanned with CamScanner

## Образложение

Согласно член 61 став (6) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20), запишувањето на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, го врши комисија која ја формира директорот на училиштето.

Согласно став (7) од истиот член, начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, го утврдува министерот за образование и наука, на предлог на Бирото за развој на образованието.

Директорот на училиштето како орган на раководење, донесе Решение за формирање Комисија за запишување на деца кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2022/2023 година.

Запишувањето на деца кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница се врши согласно Правилникот за начинот на запишувањето на деца кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, донесен од министерот за образование и наука, под бр. 12-15044/2 од 24.12.2020 година

Согласно ова, директорот на училиштето одлучи како во диспозитивот на ова решение.

в.д ДИРЕКТОР
м-р Сања Стојанова

Република Северна Македонија, Општинско основно училиште ЉУБЕН ЛАПЕ, Аеродром-Скопје

**Доставено до:**
- претседателот, членовите на Комисијата и нивните заменици
- секретарот
- архива

Изработил:
Секретар,
Виолета Стојковиќ


Општинско основно училиште „Љубен Лапе“ Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 2452 091
www.oouljubenlape.edu.mk
ljuben_lape@yahoo.com

Scanned with CamScanner